**20151925302**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2015 година.

Бр. 08-5117/1
2 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Член 1

Во Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки („Службен весник на Република Македонија“ број 180/14 и 154/15), членот 14 се менува и гласи:

„(1) Стручниот испит за лиценциран застапник се спроведува најмалку два пати годишно;

(2) Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит ги врши Царинската управа за што директорот на Царинската управа определува одговорно лице кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот, а испитот технички се спроведува во единствениот електронски систем за полагање на испити;

(3) На одговорното лице од ставот (2) на овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една четвртина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Царинската управа донесува решение;

(4) Барањето за полагање на испит кандидатот го поднесува до Царинската управа;

(5) Со барањето за полагање на испитот кандидатот е должен да поднесе докази за исполнување на условите за полагање на стручниот испит, пропишани со овој закон;

(6) Испитот се полага во просторија за полагање на испит, посебно опремена за полагање на стручен испит со материјално-техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето;

(7) Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страницата на Царинската управа и Јавниот радиодифузен сервис;

(8) Полагањето на испитот се снима и во живо се емитува на веб страницата на Царинската управа, а ако поради технички причини снимањето се прекине, снимката од целиот испит се поставува на веб страницата на Царинската управа;

(9) Критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на стручен испит ги пропишува министерот за финансии;

(10) Во просторијата за полагање на испитот за време на полагање на испитот се присутни Комисијата од членот 30 од овој закон и еден претставник од Министерството за информатичко општество и администрација (информатичари);

(11) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии;

(12) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот;

(13) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК;

(14) АЕК формира тричлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Царинската управа најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.“

Член 2

Во членот 17 став (2) зборот „еднаш“ се заменува со зборот „двапати“.

Во ставот (4) по зборот „одлучува“ се додаваат зборовите „најмалку 30% од“, а по зборот „отстранети“ се додаваат зборовите: „и заменети со нови“.

Член 3

Во член 19 во ставот (7) по зборот „сесија“ точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на стручен испит за лиценциран застапник во траење од три години, за што Комисијата од членот 30 од овој закон донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.“

Член 4

Во членот 30 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) На претставниците од ставот (2) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една четвртина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Царинската управа донесува решение.“

Член 5

Во членот 32 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) На членовите на комисијата од ставот (3) на овој член им следува паричен надоместок, кој на годишно ниво изнесува една четвртина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за финансии донесува решение.

Средствата за исплата на паричниот надоместок за претставниците од ставот (3) на овој член се врши од надоместокот определен во членот 13 став (2) од овој закон.“

Ставот (4) кој станува став (5) се менува и гласи:

„ Комисијата од ставот (3) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на начинот на спроведување на испитот, вклучувајќи и дали испитот го полагале кандидати кои ги исполнуваат условите за полагање на испитот согласно со членот 13 од овој закон, за што доставува извештај до министерот за финансии.“

Ставовите (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (6), (7), (8) и (9).

Член 6

Во членот 39 зборовите: „и посредување“ се бришат.

Член 7

Членот 40 се менува и гласи:

„(1) Кога царинскиот службеник ќе утврди дека е сторен царински прекршок од членот 45 од овој закон, на сторителот ќе му врачи мандатен платен налог во износ од 25 евра во денарска противвредност.

(2) Ако сторителот доброволно не ја плати глобата во рок од осум дена од врачувањето на мандатниот платен налог, истиот има сила на извршна исправа и царинскиот службеник ќе го достави до органот надлежен за присилно извршување за негово извршување.

(3) Сторителот кој што со заминување заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата изречена со мандатниот платен налог.

(4) Царинскиот службеник надлежен за покренување на прекршочна постапка може привремено да ги одземе патната исправа или личната карта за странец и возачката исправа, додека не биде доставен доказ дека глобата е платена, но најдолго осум дена од денот на одземањето.

(5) Овластените царински службеници се должни да водат евиденција за издадените мандатни платни налози од ставот (1) на овој член и за исходот на покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на мандатниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Формата и содржината на мандатниот платен налог ги пропишува министерот за финансии.“

Член 8

Во членот 42 став (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на трговското друштво или трговец поединец ќе му се изрече и на одговорното лице во трговското друштво или трговец поединец за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

Член 9

Во членот 43 став (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на овластениот царински застапник ќе му се изрече и на одговорното лице кај овластениот царински застапник за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

Член 10

Во членот 45 зборовите: „100 евра“ се заменува со зборовите: „25 евра“.

Член 11

Членот 46 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 14 став (2) од овој закон, доколку не го снима, не го емитува во живо на веб страницата на Царинска управа и доколку не ја постави снимката од целиот испит на веб страницата Царинската управа согласно со членот 14 ставот (7) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот од членот 14 став (2) од овој закон доколку не го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

(3) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казни одговорното лице од членот 14 став (2) од овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.“

Член 12

Во членот 47 став (1) бројот „1.000“ се заменува со бројот „750“.

Во ставот (2) зборовите: „4.000 до“ се бришат.

По ставот (2) се додаваат три нови ставови (3), (4) и (5), кои гласат:

„(3) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 14 став (10) од овој закон ако дозволат кандидатот да постапи спротивно од член 19 ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно од членот 19 ставови (2), (3) и (4) од овој закон.

(5) Со глоба од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе се казнат членовите на комисијата од членот 32 став (3) од овој закон, доколку утврдат неправилности во спроведувањето на испитот, а за тоа не го известат министерот за финансии.“

Член 13

По членот 47 се додава нов член 47-а кој гласи:

„Член 47-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице и трговец поединец се врши согласно Законот за прекршоците.“

Член 14

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, освен одредбите од членот 1 со кој се менува членот 14, членот 2 со кој се менува членот 17, членот 3 со кој се менува членот 19, членот 4 со кој се менува члент 30 и членот 5 со кој се менува членот 32, од овој закон, кои ќе отпочнат да се применуваат од 1 јуни 2016 година.